


Почитувани корисници,

Добредојдовте во светот на MaxTV.

Чест ни е да ви ја претставиме новата карактеристика на нашата услуга MaxTV услуга, којашто претставува иновација во светот на телевизијата.
MaxTV ќе ви даде бесконечна слобода и телевизијата ќе биде таа којашто ќе се прилагодува на вашите желби и потреби.

Ако доцните за вашата омилена ТВ емисија, или пак сте заборавиле да го закажете снимањето на натпреварот, сега тоа може да го сторите од било каде преку интернет.

Можноста за далечинско закажување на снимањето на вашиот медиа приемник е достапна преку http://www.maxtv.mk/mk/mojmaxtv.aspx.

Со новите можности во само вашиот Мој MaxTV ќе можете да:

- закажете снимање, на страницата Закажи снимања
- откажете снимање, фунција достапна во листата на закажани снимања
- да имате преглед на сите тековно закажани снимања преку Мој MaxTV страната
- да имате преглед на сите изнајмени филмови, по месеци

# Далечинско закажување на снимање

Како дополнителна функционалност на MaxTV е и можноста за закажување на снимањето преку MaxTV веб страницата.
Имено, доколку отидете на www.maxtv.mk во делот Мој MaxTV ќе ви се отвори апликација на кој треба да се најавите со вашето веќе постоечко ADSL корисничко име (без додатокот @t-home.mk) и вашата ADSL лозинка.
Притоа добивате повеќе можности, како на пример:

- Да закажете снимање (на страницата Закажи снимања)
- Да откажете снимање на веќе закажаните содржини (функција достапна во листата на закажани снимања)
- Да имате преглед на сите тековно закажани снимања (преку Мој MaxTV страницата)
- Да имате преглед на сите филмови кои дотогаш ги имате изнајмено (дадени по месеци)

Доколку се одлучите да закажете снимање тогаш треба да го отворите линкот *Закажи снимање* и притоа ќе ви се појави ТВ водич, многу сличен на оној кој што се појавува и на MaxTV. Со курсорот одите на саканата содржина и со десен клик се отвора балон во кој има детали за содржината на емисијата и два линка „Снимај програма“ и „Снимај серија“. Снимање може да се закаже само за содржини кои не се поминати (допрва ќе се емитуваат).

За да откажете некое веќе закажано снимање треба да одите на линкот *Закажани снимања*, и откако ќе ја пронајдете содржината за која сакате да го откажете снимањето, треба да одите во *Смени поставки* и да изберете *Откажи снимање.*

За да проверите кои содржини од Видеотеката ги имате веќе изнајмено, одете на *Изнајмени содржини* и веднаш ќе ви се прикажат содржините изнајмени во тековниот месец. Со избор на некој друг месец од минатото ќе се прикажат содржините кои ги имате изнајмено во дадениот месец. На пример, ако изберете јануари, ќе ви бидат прикажани содржините кои сте ги изнајмиле во месец јануари.

Препорака:
Медиа приемникот треба да биде исклучен (Stand by) доколку не гледате MaxTV. Затоа ве молиме при исклучување на вашиот ТВ приемник да не заборавите да го исклучите и Медиа приемникот.
Закажаните снимања се реализираат и во случај кога Медиа приемникот е исклучен (Stand by).